***З А П И С Н И К***
***од 7-ма седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 14.03.2022 година***

Седницата се одржа во салата за состаноци на Советот на општина Демир Хисар во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во 10 $^{00}$ часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Аце Јанкуловски, Марина Димитријовска, Сандра Пејковска, Сашо Михајловски, Ивана Кочовска, Филип Ангелевски, Љупчо Најдовски, Александра Трајковска, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски и Валентин Несторoски.

На седницата присутен беше Градоначалникот на општина Демир Хисар Никола Најдовски. Од општинската администрација присутни беа претставници од Одделение за финансиски прашања Марина Поповска, од Одделението за ЛЕР Раководителот Мише Милошевски од Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС Загорка Милошевска и Катерина Бошевска, присутен беше и Тони Петровски. Претставници од општинските институции Мирјана Пејчиновска како претставник на основите општински училишта, директорката на СОУ „Крсте П Мисирков“ Демир Хисар Маја Лозановска, од ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар претставник Цане Трајчевски и претставник на Дом на култура “Илинден“ Зоранчо Здравевски. На седницата присутна беше Мирјана Јанчевска со предходно писмено известување за присуство.

Бидејќи Советот нема избрано претседател, согласно член 68 став 5 седницата ја свика и со неа раководеше најстариот член на Советот Љупчо Најдовски.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-Усвојување на записник од шеста седница на Совет на општина Демир Хисар
За усвојување на записникот гласаа 11 „за“.
-Усвојување на записник од итна седница на Совет одржана на 07.03.2022 година
За усвојување на записникот гласаа 11 „за“.

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Донесување на Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2022 година.
2. Донесување на Завршна сметка на Буџетот на општина Демир хисар за 2021 година.
3. Донесување на Годишен извештај за реализација на Буџетот на општина Демир Хисар за 2021 година.
4. Донесување на Одлука за усвојување на извештајот за извршениот годишен попис на средства, побарувања и обврски во општина Демир Хисар со состојба на ден 31.12.2021 година.
5. Усвојување на Завршна сметка на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар.
6. Усвојување на Програмски извештај за работата на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2021 година.
7. Усвојување на Годишен извештај за реализација и преглед на исплатени средства по проекти и намени, како и спецификации на трошоците за плата и комунални услуги по месеци од блок-дотацијата за 2021 година на дом на култура „Илинден“ Демир Хисар.
8. Усвојување на План за работа на дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2022 година.
9. Усвојување на Извештај за остварено право на паричен надомест за новородено дете во општина Демир Хисар за 2021 година.
10. Усвојување на Извештај за остварено право на паричен надомест за склучен брак во општина Демир Хисар за 2021 година.

11. Усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2021 година.
12. Усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на спорт и млади за 2021 година.
13. Усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита за 2021 година.
14. Усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2021 година
15. Усвојување на Извештај за реализација на Програмата за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2021 година.
16. Усвојување на Извештај за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2021 година на подрачјето на Општина Демир Хисар.
17. Донесување на Одлука за издавање деловен простор под закуп.
18. Донесување на Одлука за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13-фотоволтаична електрана на КП 1735/1, КП 1735/2, КП 1737 и КО 1738 во КО Сопотница, општина Демир Хисар.
19. Донесување на Одлука за измени и дополнување на Програмата за донесување урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2022 година.
20. Предлози и прашања.

Претседавачот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата предложениот Дневен ред го стави на расправа. При тоа предложи Дневниот ред да се дополни со две точки и тоа 18.Одлука за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13-фотоволтаична електрана на КП 1735/1, КП 1735/2, КП 1737 и КО 1738 во КО Сопотница, општина Демир Хисар и 19. Одлука за измени и дополнување на Програмата за донесување урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2022 година по барање на одделението за урбанизам. За потребата од донесување на овие одлуки објаснување имаше претставникот Катерина Радовска. За дополнување на дневниот ред со овие одлуки немаше забелешки. Претседавачот Љупчо Најдовски ги запозна советниците дека има доставено до Советот барање од Мирјана Јанчевска за дополнување на Дневниот ред со донесување на одлука за волонтерско учество при реализацијата на програмата за бездомните кучиња. Во врска со барањето Мирјана Јанчевска објасни ова барање е заради безбедноста на граѓаните, има интерес на повеќе граѓани кои се расположени волонтерски да учествуваат во соработка со општината и Ветеринарната станица, како што имаше пракса предходните години, да се реагира веднаш по пријава и ваквата соработка даваше резултати овие години немаше ниедна пријава за нападнато лице од бездомни кучиња. Останува Советот да одлучи дали ќе ја прифати одлуката за соработка како праксата досега и нема да имаме проблем или ќе ја одбиете одлуката. Имаме проблеми и со кучињата на сопствениците, ако се реагира на време нема да дојди до несакани последици. Несовесните сопственици треба да се казнуваат, инспекторите неможат постојано да бидат на терен затоа граѓаните кои ќе бидат вклучени ќе помагаат за лоцирање на кучиња кои треба да се третираат, исто и за вакум просторот многу време се чекаше додека се распиша тендерот. Претставникот од општината Тони Петровски објасни согласно законите врз основа на кои се работи оваа проблематика нема основ да се вклучи лице волонтерски со одлука на Совет. Градоначалникот Никола Најдовски додаде општината не можи да прави договори со волонтери не можи нити Ветеринарната да склучува договор со волонтер има законста постапка како се спроведува програмата. За тој вакум просторот додека се склучи договорот, не може да работи општината. Тоа беше период од 2-3 недели, се консултирав и со адвокат неможи да се прави анекс договор кога тендерот е завршен. Ако има некаде проблем со куче бездомник може да се јави секој граѓанин кај

Тони Петровски да пријави, не може да се јавува кај ветринарот директно да пријавува. Советничката Сандра Пејковска објасни за ангажирање на волонтери има закон и треба да се постапува по него. Претседавачот Љупчо Најдовски истакна ако законски не смееме да донесиме ваква одлука во ред е, но сугестии можи да се прифатат. Мирјана Јанчевска додаде анекс договор можи да се направи до 20% од тендерот и да биди покриен тој вакум простор додека се спроведе набавката. Потоа додаде кога некој ќе пријави проблем со куче бездомник треба веднаш да се реагира, ако се јавам да пријавам никој нема да излезе. Градоначалникот Најдовски додаде не можи така да се кажува дали некој ќе реагира или не, треба да се досредат договорите и ќе се работи нема потреба од тензии. Советничката Ивана Кочовска дополни треба да се пријави до надлежните органи, ако не реагираат тогаш на Советот ќе се расправа и ќе се донесе акт. Зоранчо Здравевски истакна дека имаат проблем во домот на културата, бидејќи Управниот одбор има поминат мандат, исто и Катерина Радовска истакна дека и одделението за урбанизам се соочува со проблеми во работата поради комиајата за урбанизам. Претседавачот Љупчо Најдовски додаде на наредна седница редно е да се расправа за формирање на телата. Дискусија повеќе немаше. За усвојување на Дневниот ред со дополнување двете точки за урбанизам гласаа 11 „за".

***ТОЧКА 1. Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2022 година***

За Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2022 година објаснување имаше претставникот Мирјана Пејчиновска во ООУ „Браќа Миладиновци" Жван ќе се реновира имаат потреба од средствата. Овие се средствата кои не беа искористени од 2021 година. Претседавачот Љупчо Најдовски праша дали се тоа средствата од предходна година кои останаа на сметките. Претставникот Зоранчо Здравевски објасни исто и во домот на културата има потреба од овие средства кој планираат да се искористат за реновирање на тоалетите, за плаќање на струја, за превоз на фолклорната група, за набавка на инструменти. Претставникот Цане Трајчевски објасни во детскат градинка имаат потреба од средства за набавка на нафта за греење. Претставникот од општината Марина Поповска објасни овие средства е од салдо од предходна година колку му останале на секоја институција и си ги распоредија според потребите нивни. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 11 „за".

***ТОЧКА 2. Завршна сметка на Буџетот на општина Демир хисар за 2021 година***

За Завршната сметка на Буџетот на општина Демир хисар за 2021 година објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Во врска со завршната сметка претседавачот на Советот Љупчо Најдовски побара објаснување кај планирано реализирано во донации има голема разлика на што се должи тоа. Претставникот Марина Поповска објасни планираното се собира со депозитот, а расходниот дел се собираа со одливот. Дискусија повеќе немаше. За донесување на завршната сметка гласаа 11 „за".

***ТОЧКА 3. Годишен извештај за реализација на Буџетот на општина Демир Хисар за 2021 година***

Во врска со Годишниот извештај за реализација на Буџетот на општина Демир Хисар за 2021 година објаснување имаше претставникот од општината Марина Поповска, при тоа објасни да се направи исправка на техничката грешка во извештајот. Тој е составен дел на завршната сметка, но се гласаат посебно. Советникот Валентин Несторoски предложи сите инситуции да по примерот на општината и домот на културата да поднесуваат вакво образложение до Советот. Дискусија немаше. За донесување на годишниот извештај гласаа 11 „за".

***ТОЧКА 4. Одлука за усвојување на извештајот за извршениот годишен попис на средства, побарувања и обврски во општина Демир Хисар со состојба на ден 31.12.2021 година***

За Одлуката за усвојување на извештајот за извршениот годишен попис на средства, побарувања и обврски во општина Демир Хисар со состојба на ден 31.12.2021 година објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Советничката Марина Димитријовска праша дали овие расходовања се по барање или квартано се објавуваат. Претставникот Марина Поповска објасни ако

има потреба ќе се направи вонреден попис, ако не редовниот годишен попис тогаш се утврдуваат. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 5. Завршна сметка на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар***

За Завршната сметка на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар објаснување имаше вд Директорката Данка Петревска. Претседавачот Љупчо Најдовски праша со покачувањето на цената на горивата дали се соочуваат со проблем. ВД директорката Петревска објасни на предходната седница се покачија цените за 10 % па ќе се следи состојбата. Претседавачот Најдовски додаде додека можи да се функционира со таа цена во ред, ако се соочува со проблеми благовремено Советот да биде известен. Дискусија повеќе немаше. За усвојување на завршната сметка гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 6. Програмски извештај за работата на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2021 година***

За Програмскиот извештај за работата на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2021 година објаснување имаше претставникот Зоранчо Здравевски. Советникот Валентин Несторoски упати пофалби за целосно доставените податоци. Дискусија немаше. За усвојување на извештајот гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 7. Годишен извештај за реализација и преглед на исплатени средства по проекти и намени, како и спецификации на трошоците за плата и комунални услуги по месеци од блок-дотацијата за 2021 година на дом на култура „Илинден“ Демир Хисар***

За Годишниот извештај за реализација и преглед на исплатени средства по проекти и намени, како и спецификации на трошоците за плата и комунални услуги по месеци од блок-дотацијата за 2021 година на дом на култура „Илинден“ Демир Хисар објаснување имаше претставникот Зоранчо Здравевски. Дискусија немаше. За усвојување на извештајот гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 8. План за работа на дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2022 година***

За Планот за работа на дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2022 година објаснување имаше претставникот Зоранчо Здравевски. Дискусија немаше. За усвојување на извештајот гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 9. Извештај за остварено право на паричен надомест за новородено дете во општина Демир Хисар за 2021 година***

За Извештајот за остварено право на паричен надомест за новородено дете во општина Демир Хисар за 2021 година објаснување имаше раководителот Мише Милошевски. Дискусија немаше. За усвојување на извештајот гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 10. Извештај за остварено право на паричен надомест за склучен брак во општина Демир Хисар за 2021 година***

За Извештајот за остварено право на паричен надомест за склучен брак во општина Демир Хисар за 2021 година објаснување имаше раководителот Мише Милошевски. Дискусија немаше. За усвојување на извештајот гласаа 10 „за“.

***ТОЧКА 11. Извештај за реализација на Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2021 година***

За Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2021 година објаснување имаше раководителот Мише Милошевски. Советничката Марина Димитријовска побара објаснување зошто има случаеви исти барател има два пати поднесено барање еднаш одбиен и потоа повторно поднесено барање под исти број има добиено. Од страна на претставникот беше објаснето тоа се две барања техничка грешка е што има исти број и дата ако барањето е поднесено до јуни месец во тековната година податоците од Управата за јавни приходи не се од предходна година во случајот за 2020 туку за 2019, барателот во 2019 година имал приходи, но во 2020 година немал приходи затоа има поднесено повторно барање покасно со податоци за 2020 година и има остверено право на еднократна парична помош. Дискусија повеќе немаше. За усвојување на извештајот гласаа 10 „за“.

***ТОЧКА 12. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на спорт и млади за 2021 година***

За Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на спорт и млади за 2021 година објаснување имаше раководителот Мише Милошевски. Дискусија немаше. За усвојување на извештајот гласаа 10 „за“.

***ТОЧКА 13. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита за 2021 година***

За Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита за 2021 година објаснување имаше раководителот Мише Милошевски. Советничката Марина Димитријовска забележа овде има планирано средства нема реализација или воопшто немало. Рководителот Мише Милошевски објасни кога ја носевме програмат дискутиравме нешто за ова наназад години нема реализација во оваа програм за жал. Пандемијата со короната беше една од причините за што немаше вакви активности. Советничката Марина Димитријовска предложи општината да го повлече првиот чекор на ниво на градоначалник, директори има можност за реализација. Градоначалникот Никола Најдовски додаде сме во координација со здружението на дијабетичари Сончева светлина штом ќе се создадат услови ќе се одржи едно предавање. Дискусија повеќе немаше. За усвојување на извештајот гласаа 10 „за“.

***ТОЧКА 14. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2021 година***

За Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2021 година објаснување имаше раководителот Мише Милошевски. Советничката Александра Трајковска истакна од предходно што ги имавме извештаите и сега извештајот имало пракса да се даваат средства на здруженија кои се од други општини, да не се продолжува со таква пракса, ние не сме општина која располага со многу средства за да помага здруженија од други општини. Претседавачот Љупчо Најдовски се согласи забелешката е прифатлива. Дискусија повеќе немаше. За усвојување на извештајот гласаа 10 „за“.

***ТОЧКА 15. Извештај за реализација на Програмата за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2021 година***

За Извештајот за реализација на Програмата за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2021 година објаснување имаше раководителот Мише Милошевски. Дискусија немаше. За усвојување на извештајот гласаа 10 „за“.

***ТОЧКА 16. Извештај за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2021 година на подрачјето на Општина Демир Хисар***

За Извештајот за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2021 година на подрачјето на Општина Демир Хисар објаснување имаше раководителот Мише Милошевски. Дискусија немаше. За усвојување на извештајот гласаа 10 „за“.

***ТОЧКА 17. Одлука за издавање деловен простор под закуп***

За Одлуката за издавање деловен простор под закуп Претседавачот на Советот Љупчо Најдовски истакна како што и предходната седница беше договорено тројца советници ги посетивме објектите и општиот заклучок е дека еден дел од објектите се во лоша состојба. За Вирово, во Жван во Прибилци, Журче, Граиште предложи да се донеси одлука да се ослободат од закупнина службите ќе изнајдат начин како тоа законски да е покриено. За сметка на тоа што ќе бидат ослободени нивна обврска ќе биде да ги одржуват објектите и кога ќе ги напуштат да ги остават во состојба во која и ги затекнале. Советникот Валентин Несторoски кој беше дел од комисијата додаде за секој објект направивме фотографија објектот во Журче е во најлоша состојба таму незнам и како ќе се најде решение многу средства треба да се поправи, бидејќи кровот е во многу лоша состојба, дограмата исто, во Вирово реновиран е објектот, но кога ќе видите колку производи има во продавницата може да се направи проценка, во Граиште еден дел е реновиран другиот дел е празен, во Прибилци нешто е реновирано, нешто не е, но тој би можел да се одржува. Во Загориче еден дел од домот е реновиран, во Стругово така стои, другите објекти се распаднати овие каде се одржуваат стојат другите кои не се одржуваат се распаднати, или тие што не се прашање на време кога ќе се распаднат. Советникот Јордан Кромидаровски исто како дел од комисијата дополни во Смилево

задружниот дом има два објекти едно бифе и продавница овие објекти не се во нешто подобра состојба затоа што се одржуваат имаше проблем со струјата незнам дали се реши. Струјата беше исклучена јас ургирам му дадов пари се плати струјата за да ја пуштат, бидејќи фирмата е ликвидирана треба да се префрли струјата. Имаат виски сметки за струја и кирија и тешко можат да се одржуваат. Претседавачот Љупчо Најдовски додаде да ги сочуваме објектите, потоа додаде од администрацијата побарав да ми дадат копија од договорите кои се склучиле ми рече дека не смеела, да ми даде бидејќи било информација од јавен какатер. Да знаев дека било така ќе се обратев до градоначалникот тој ќе ми ги обезбедеше договорите, за наредна седница барам да ми ги доставите. Од прегледот што го добивме од вработената за оваа проблематика Загорка Милошевска може да се види договори склучени на долги години дури има и на 99 години, како можи да се склучи договор на толку долго. Еве некои примери Загориче договор до 2030 година, објект во Демир Хисар до 2060 година, Смилево завршил договорот, Смилево исто завршил договорот, никој не се погрижил за тоа, Слоештица на 20 години договор, Единаковци на 99 години до 2110 година, Слоештица на 10 години, Суводол истекол договорот, Слоештица не го користи, Слепче Гришко на 49 години, Демир Хисар на 49 година, Ново село на 40 години без надомест, Ново село друг објект 40 години без надомест, Бабино 10 години без надомест, Брезово 10 години без надомест, Сладуево 40 години без надомест, Базерник 15 години без надомест. Заради тоа и барав да ги видиме договорите, да видиме која е основата за склучување на вакви договори. Ако еден го користи објектот 20 години без надомест станува законски газда на тој објект. Затоа барав да се донеси одлука кога бев градоначалник задружните домови му ги вратив на селата фактички тие се нивни, но законите се смениле се вратиле пак на општината затоа и барам форма како да се ослободат од закупнина луѓето кои ги користат, да ги зачуваме како објекти онаму каде се во лоша состојба во малите населени места. Градоначалникот Никола Најдовски објасни имотот е вратен на општината, кога месните престанале да бидат правни лица, затоа општината го презела целиот имот. Она што треба да го знаете тоа е дека износите кои се плаќаат за закупнина се симболични, не се некои суми, кога објектот се издава под закуп има постапка која мора да се запази има методологија според која се врши проценка и самиот систем формира цена. Ослободување од закупнина законски е невозможно ова го разговаравме со адвокат, она сто го вложиле се зема во предвид комисиски се утврдува и се прифаќа за тој износ се ослободува. Многу договори се поминати некој нема поведено сметка да се направат нови договори, незнам како може да се даде на многу години, вие како совет донесете одлука направете законска рамка ограничено на колку максимално можи да се даде под закуп, и да се склучат нови договори. На ваков начин некој би го обесправиле да му дадеме на некој да го држи објектот без закуп, а можеби има заинтересирано некој да плаќа закупнина, затоа ќе се направи проценка ќе се дадат еднакви шански на сите заинтересирани. Не се сите толку за жалење, бидејќи има случаеви кога си менувале фирми, ги изигруваат сите закони за 2000 денари кирија. Се прават и многу нерегуларности договорот е склучен со фирма, тој ја затворил фирмата и после се вади не постои таа фирма. Ако некој сака да го раскине договорот можел тоа да го направи со подмирување на обврските, а постапките некој кој имал договор, излегол и му го да објектот на друг влегол во објектот тоа е кривично дело, зошто никој не побарал да си ги прибере кириите. Затоа побарав вака со донесување одлука согласно закон да се спроведе постапката, сите се грижиме да има што пониски кирии, ако се стават сите ктитериуми согласно методологијата кириите ќе бидат многу високи. Оваа постапка ќе се тера со адвокат. Сум ги посетил објектите сум бил во Журче, објектот е во кастрофална состојба има обврски за ќирија никако не можеме да ги отпишиме тие, можеби има некој кој сака да плаќа треба да се понудат еднакви шанси на сите. Се што можи да се направи ќе се направи во интерес на сите, она што ќе се вложи ќе се прифати. Советничката Ивана Кочовска додаде согласно член 43 од Статутот на општина како и согласно Законот за локална самоуправа Советот одлучува за начинот на располагање со сопственоста на општината се согласувам со дискусијата на градоначалникот. Можи со одлука да се ограничи на времено користење од 10 години, а советничката Марина Димитријовска додаде ако е над 10 години постои можноста за присвојување. Што ќе се прави со тие кои имаат склучено договори и сеуште се во сила

не се раскинати. Претставникот од општината Загорка Милошевска додаде Советот има донесено одлука со која се овозможува давање под закуп на 99 години, а порано беше на 5 години, затоа се правени такви договори, советот да донеси друга одлука. Градоначалникот Никола Најдовски додаде со објектот во Слепче кој го користи Гришко е на 50 години, фирмата не е ликвидирана, договорот не е раскинат, во централен регистер фирмата е активна, овај објект е добар можи со добра промоција да се донеси друга фирма. Во врска со струјата градоначалникот Најдовски додаде најдобро е да е на тој што користи објектот, ако е на општината можи да не плаќа па да остане после општината да ја плати струјата. Советничката Марина Димитријовска додаде средствата кои „Гришко" ги должи треба да се побараат преку суд, а советничката Ивана Кочовска рече договорите може да се раскинат еднострано од нивна страна. Претседавачот Љупчо Најдовски рече да се истераат постапките до крај. Од дискусијата може да се заклучи правно не можи да се ослободат за тоа ќе ги информираме нека си конкурираат на огласот, сите советници нека размислат како да се направи во интерес на сите и на селата и на општината и на корисниците. Ако има некоја правна форма да се помогне каде објектите се во многу лоша состојба. Советничката Марина Димитријовска рече да се донеси одлуката, па потоа во рамките на законот да му се помогне, некаде можеби ќе нема интерес. Советникот Сашо Михајловски додаде со носењето на одлуката ќе почни процедурата за давање под закуп. Советникот Валентин Несторoски рече и да се размисли за измени на одлуката за времетраење на закупот да се намали. Дискусијата беше исцрпена. За донесување на одлуката гласаа 9 „за" 1 „воздржан".

***ТОЧКА 18. Одлука за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13-фотоволтаична електрана на КП 1735/1, КП 1735/2, КП 1737 и КО 1738 во КО Сопотница, општина Демир Хисар***

За Одлуката за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13-фотоволтаична електрана на КП 1735/1, КП 1735/2, КП 1737 и КО 1738 во КО Сопотница, општина Демир Хисар објаснување имаше претставникот катерина Радовска. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 10 „за".

***ТОЧКА 19. Одлука за измени и дополнување на Програмата за донесување урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2022 година***

За Одлуката за измени и дополнување на Програмата за донесување урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2022 година објаснување имаше претставникот Катерина Радовска. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 10 „за".

***ТОЧКА 20. Предлози и прашања***

Претседавачот Љупчо Најдовски го запозна градоначлникот дека има барање од за поставување на улична сијалица во Слепче, исто и во Сопотница додаде Градоначалникот. Ќе се постават таму каде има потреба, но треба да се размислува и за штедење, бидејќи цената на струјата постојано расте. Дискусија повеќе немаше. Дневниот ред беше исцрпен. Претседавачот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17- 349/2<br>28.03.2022 година<br>Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар<br>Претседавач,<br>Љупчо Најдовски с.р.